СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА
Ул. Архимедова, бр. 3, 1000, Скопје, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk

UNION OF MATHEMATICIANS OF MACEDONIA
Arhimedova 3. 1000, Skopje, NORTH MACEDONIA
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-01
10.IX 2019 година
Скопје

До
Директорот
и активот по математика

Почитувани,

Сојузот на математичари на Македонија, во текот на месеците октомври и првата половина од месец ноември 2019 година, организира Есенска математичка школа 2019 за учениците од основните и средните училишта од целата држава, поточно за учениците од 4 до 9 одд. и учениците од 1 до 4 год.

Предавањата на Школата ќе се реализираат во деновите: 5, 19, 26 октомври, 2 и 9 ноември 2019 год. По завршувањето на предавањата учениците ќе полагаат завршен тест. Датум на полагање на завршниот тест е 1 декември 2019 год. Предавањата и завршниот тест ќе се одржат на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Секој редовен ученик-учесник на Школата ќе добие сертификат за учество, а најдобрите на завршниот тест ќе добијат и дипломи за постигнатиот успех на тестот. Школата е наменета за сите ученици кои ја сакаат математиката и сакаат да ги откриваат убавините на математиката со продлабочување на постоечките знаења и стекнување нови знаења и вештини.

Крајниот рок за пријавување е 20 септември 2019 год. Пријавувањето на Школата се извршува исклучиво преку формата за пријавување кон која се пристапува од следната страница
https://smm.org.mk/matematicki-skoli/.

Бројот на учесници на Школата е ограничен. Доколку се пријават повеќе учесници од планираниот број, ќе бидат примени тие кои први се пријавиле. Учесниците на школата ќе бидат објавени по завршување на рокот за пријавување учество.

Котизацијата за учество на школата е 3.150,00 ден. Во котизацијата се вклучени: 20 часа предавања, завршен тест, материјали за школата и ужинка во деновите со предавања.

Повеќе информации за Есенската математичка школа 2019 може да најдете на https://smm.org.mk/matematicki-skoli/. Адреса за контакт: ems2019smm@gmail.com.

Би Ви биле благодарни доколку оваа информација ја проследите до учениците во Вашето училиште.

Со почит,

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски,
Претседател на Сојузот на математичари на Македонија

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •